Поради толкава разнообразност на плановите и програмите, нема доволно учебници што би одговарале на потребите. Во повеќето случаи тие само делумно одговараат на програмата. Највеќе се работи без учебници.

Голем е бројот на неквалификувани и тоа создава додатни тешкотии...

Во понатамошниот текст од заклучоците се одбележани повеќе варијации и предлози во врска со наставата по историја во стручните училишта и на крајот се вели:

Бидејќи програмите не можат да се издвојат од општата структура на училиштата, затоа местото и улогата на наставата по историја во стручните училишта во многу ќе зависи од конечната структура на реформираните стручни училишта. Предлогот на Југословенскиот завод за проучување на училишните и просветните прашања, што е сега во експериментална фаза, доживеа критики во педагошката и широката јавност. Републиките бараат свои решенија, па од приложениот материјал се гледа дека меѓу нив нема координација.

Решенија не можат да се најдат само во структурата на плановите и програмите во стручните училишта, иако тие ја чинат нивната основа. Тие мораат да се најдат во адекватните учебници и во методите на работа, во квалификуваните наставници, во опремата на училиштето, во напорите на секој наставник — се вели на крајот од заклучоците, во врска со наставата по историја во стручните училишта.

Во рубриката — информации даден е преглед на часописи и зборници за историјата на работничкото движење со библиографски прилог и мислења за одредени статии од педагошки списанија, како и инофмации за одделни семинари за наставници по историја.

Карактеристично за списанието бр. 2 е тоа што во него дошла до израз општојугословенската насоченост, имено, во него се печатени статии на македонски, српскохрватски и словеначки јазик, на ќирилица и латиница.

Редакцијата на списанието е составена од историчари од сите републики и покраини, а издавачи се претпријатијата за издавање на учебници: Državna založba — Љубљана, Просветно дело — Скопје, Školska knjiga — Загреб, Завод за издавање на учебници на СР Босна и Херцеговина — Сарајево и Завод за издавање на учебници на СР Србија — Белград. Како што се гледа — еминентна редакција и познати издавачи, што треба да биде еден вид гаранција за квалитетно и редовно излегување на списанието. Колку и да сме доволни од списанието број 1 и 2, сепак очекуваме во наредните броеви да се подобри квалитетот на хартијата, да се збогати бројот на страниците и да се избегне печатењето на статиите на мал проред, бидејќи при читањето доста заморно делува.

Си земаме слобода да искажеме свое мислење дека ова списание треба да го има секој наставник по историја и секое училиште, за да послужи за унапредување на наставата по историја во сите видови училишта.

*Д. Л.*

## История и география (София) 7—8, (1967)

Бугарското методично списание „Историја и географија" бр. 7—8 за 1967 година донесува повеќе прилози за историската настава. *Светла Панова* „Младата гвардија на великиот Октомври". Изнесува за учеството на младите во големата Октомвриска социјалистичка револуција.

*Марин Маринов* „Во победата на Октомвриското вооружено востание" пишува дека Октомвриското вооружено востание е највисока точка во развојот на револуционерната криза во Русија и е резултат на настаните меѓу двете револуции. Ја истакнува улогата на Ленин и на Болшевичката партија како раководител на револуцијата. *Надка Симеонова* во „Активното учество на учениците при изведувањето на методската единица— „Почеток на индустриското превват во Англија" ги истакнува условите за индустрискиот превват за да докаже дека извршувањето е закономерна, а не случајна појава.

*Васил Божинов* во „Изводи од самостојната работа на учениците кон лекциите по историја" третира исклучиво актуелен проблем во современата настава. Тука се зафатени неколку аспекти: теоретско изјаснување на проблемот самостојна работа, организирање на работата во општини и контролни паралелки, обопштување на резултатите со изводи, а со цел да провери дали самостојната работа допринесува за развиток на логичното мислење, за трајност на знаењата и за формирање на умеења и навики потребни во животот.

*Д-р Вратислав Чапек, Карлов Универзитет — Прага* во „Гледишта за подбор на историски учебен материјал како основно прашање на модернизацијата на учебниот процес" студиозно приоѓа кон овој проблем од повеќе аспекти па забележува дека: од спектот на научно-техничката револуција, која открива низа промени во одделните научни дисциплини, количински и квалитетно растат научните познавања. Новите тенденции на современата наука се одразуваат и во современата историографија.

*Стојан Пеев* во „Убави резултати от един преглед-конкурс за подобрување на обуката по историја" говори за решителноста на просветните органи и Окружниот Музеј од Силистра 1965 година да објават двогодишен конкурс за подобрување обуката по историја. и резултатите добиени од него.

*Виолета Илиева* во „За нашите исторdown и братски врски со југословенските народи" пишува за извршената стручна екскурзија на дел од наставниците од Софија во април 1967 година во СФРЈ, а со цел да се запознаат местата и спомениците кои ги откриваат историските врски помеѓу бугарскиот народ и југословенските народи. Групата историчари од Софиските училишта го имаат посетено Скопје, Охрид, Бигорскиот манастир, Ниш, Белград и Загреб. Во овие места ги имаат посетено културно-историските споменици. За посетените места се даваат кратки историски податоци, а исто така и за културно-историските споменици. На места авторот зборува за учеството на бугарската армија во октомври и ноември 1944 година во операциите на територијата на Југославија.

Авторот забележува во написот дека „за време на Втората светска војна Скопје е ослободено од првата бугарска армија на 14. XI. 1944 година... За Велес ја пролејале крвта бугарските војници. Во ноември 1944 година IV бугарска армија го ослободила градот".

„На 14. X. 1944 година Ниш е ослободен од Втората бугарска армија. Точно пред Ниш е споменикот на 2015 убиени бугарски војници од Втората бугарска армија. Во споменикот се собрани коските на бугарските војници кои воделе тешки борби седум дни и ги оставиле коските тука за ослободување на Македонија."

Меѓутоа вистината за овие настани е сосема поинаква. Имено Скопје и Велес се ослободени од единиците на Народноослободителната војска на Македонија и тоа на 8 ноември, односно на 13 ноември 1944 година. Градот Ниш е ослободен на 14. X. 1944 година од страна на единиците на НОБ на Југославија и Втората бугарска армија.

Зборувајќи за Прилеп укажува дека Прилеп „влегува во историјата и со својот херојски подвиг во време на Втората светска војна. Во 1941 година тука пукнала првата пушка во борбата против германо-фашистичките завојувачи." За одбележување е дека првата пушка во Прилеп пукнала на 11 октомври 1941 година против германо-фашистичките завојувачи, односно нивните слуги — бугарско-фашистичките окупатори. Авторот на написот имала можност при посетата на СФРЈ на лице место да се запознае со неверодостојните податоци изнесени во бугарската историографија по Втората светска војна, во однос на учеството на Отечественофронтовската бугарската армија во ослободувањето на Југословенските градови во октомври и ноември 1944 година.

Научната и моралната страна на проблемот бара од наставникот — историчар, во интерес на историската вистина и на развивањето на братските врски помеѓу југословенските народи и бугарскиот народ, да ги изнесува објективно настаните.

*Т. П.*